# ПРЕДАНИЕ И ОПШТЕСТВО

Зборник на трудови од Првиот и Вториот
Светиклиментов научен собир
(2017 и 2018)

Скопје 2019

Ѓоко Ѓорѓевски

# СВЕТИ ГАВРИЛ СВЕТОГОРЕЦ – ЕПИСКОП ВЕЛИЧКИ И *MAGNUM IUBILAEUM*

Свети Гаврил Светогорец е исклучителна личност која остави длабок белег во современата македонска црковна историја. Станува збор за редок духовник и голем молитвеник, монах и аскет, строг кон себе, љубовно благ кон другите. Во годината кога Македонската православна црква – Охридска архиепископија одбележува 50 години од своето автокефално живеење, тој е канонизиран за светител и на тој начин е вброен во редот на македонските светители, како единствен (засега) клирик на возобновената Македонска православна црква.

Свети Гаврил епископ Велички е роден во 1926 во Штип. Од 1944 година тој е учесник во НОВ, а по завршувањето на борбите во 1947 година е прекомандуван во Корпусот на народната одбрана, во единици стационирани на границата. Некое време тој е на служба во градскиот народен одбор во Штип, а потоа заминува за Белград и се запишува на Факултет за ликовни уметности, каде дипломира во 1955 на отсек – вајарство. По неговото враќање тој е професор по ликовно образование и историја на уметноста во штипската гимназија. Во 1963 заминува за Света Гора, а во 1971 се враќа во Македонија, во манастирите во Матка, Марков Манастир и Зрзе, а во 1975 година заминува во Лесново и таму останува до крајот на својот живот. Во 1981 од Синодот на Македонската православна црква е унапреден

во архимандрит, а на 28 август во 1989 е ракоположен за епископ со титулата Велички. Се упокојува на 12 јануари 1990 година.[1]

Краткиот животопис отсликува една сестрана личност, монах и родољуб, уметник и писател. Од него се запазени неколку книги и есеи. Тој е автор на збирката поезија *33 Песни за Ерусалим*, како и на книгите *Света Гора – Небесна земја* (1978), *Пред најголемиот јубилеј на човекот* (1980), *2000-годишнината на христијанството е на прагот* (1981), *Правила и одредби на Православната Црква за постот* (1994) и *Отец Херувим* (1998). Свети Гаврил Светогорец е аскет, поет и визионер. Тој е постојан истражувач на доброто и убавото кои се содржани во верата, токму во времињата на силна маргинализираност на сѐ што е поврзано со религијата и со духовноста. Врз основа на од него запишаните дела разбирливо е дека за него христијанството не е религија или идеологија, но љубов кон ближниот која воскреснува. Во неговите книги доминира евангелската синтеза на духовност и човечност. Иако е свесен за постоечката состојба, тој не се откажува од идејата дека светот може и треба да се смени. Напротив, тој мисли дека тоа е патот кој го менува срцето на човекот. Исклучителна е духовната снага која провејува во неговите текстови, тагата од христијанската разделеност и омразата меѓу народите, празнината во животот на луѓето, страхувањето од неподобниот пат на младите. Тој беше повлечен аскет и тивок молитвеник, но не и духовник надвор од историјата и без свој сон за светот и човекот. За него историјата има смисла само ако се успее да се осмисли сегашноста насочена кон иднината.

Меѓу најголемите подвизи на кое е повикано современото христијанство, според преподобниот старец, е достоинственото одбележување на Големиот јубилеј 2000- годишнината на христијанството, којшто не го сфаќа како обичен празничен чин, туку како процес. Своите замисли тој ги забележува во книгата „2000-годишнината на христијанството е на прагот“ објавена во 1981 година, значи три децении пред јубилејната година. Според него, станува збор за исклучителен настан и неповторлива можност за силно христијанско сведоштво, за празнична година, која би била време на преиспитување, но и поттик за нови подвизи. Па така, тој на самиот

[1] „Житие на светиот епископ велички Гаврил Светогорец“, http://www.povardarska-eparhija.org.mk/pe//index.php?option=com_content&task=view&id=203.

почеток од книгата вели: „Празникот не е само торжество на дадениот момент. Тој во исто време претставува и смотра на постигнатите успеси и мобилизација за нови поголеми подвизи“[2].

Во неговата визија за големиот настан потребни се сериозни подготовки. За тоа пишува цела книга, еден вид нацрт-проект, без одреден адресат. Тој е сигурен дека таквата подготвителна активност е неопходна, но остава простор на човечкиот избор и Божјата промисла. Така, во неколку наврати, предлозите му започнуваат со едно „ако“, па вели: „Ако се појави некоја Црква, група свештени лица или богољубиви граѓани кои во оваа задача ќе видат должна почит кон Бога и ако се заземат за отпочнување со подготовките за Прославата...“.

Сите активности ќе треба да се организирани и координирани од еден „Одбор за прослава – канонизиран од врховната власт – Вселенскиот патријарх, благословен од помесната црква и одобрен од државните власти на земјата во која се формира. Тоа тристрано потврдување треба да претставува симбол за смислата на оваа општа акција, која ќе има свое тежиште во максималното настојување да дојде до поголемо зближување и тесно соработување меѓу црковните и државните власти и отклонувањето на бариерите меѓу хрисиите (*заб.* „другите христијански заедници“) и автокефалните цркви – во духот на Христовото учење и Неговата љубов, која е витална животна практика, љубов која не познава и не признава граници“[3].

Во неговата визија за подготовка на настанот треба да се „формираат прославни братства во секоја нација. Потоа би се поделиле на покраини, а тие на окрузи, на градските реони, селски општини итн. Да не остане ни едно, па ни најмало место, без одбор за прослава...“[4]. Подготовката подразбира сведочење преку сопствениот личен пример. Повикува на заедничко собирање на молитва по домовите, храмовите или манастирите: Каде се двајца или тројца собрани во Мое име, таму сум и јас меѓу нив. „Таму каде постојат услови и располо-

[2] Гаврил Светогорец, *2000-годишнината на христијанството е на прагот*, Скопје 1981, 7.

[3] Гаврил Светогорец, *2000-годишнината на христијанството е на прагот*, 16.

[4] Гаврил Светогорец, *2000-годишнината на христијанството е на прагот*, 18.

женија, да се прават ноќни молитви. Тие имаат исклучителна моќ по најкраток пат водат до вратата на Божјата одзивчивост“[5].

И потоа, сѐ е насочено кон Ерусалим! „Градот Господен би требало да елиминира и замени секаков авторитет пред небото кој би можел да застане на патот на повторното обединување[6]. „Голгота да се круниса со крстовиден објект од таква височина... во таа насока архитектите би требало „да го впрегнат својот футуристички инстинкт“[7].

Пред две илјадалетија во Светата земја се случува пресврт во историјата на човештвото: Бог тогаш и таму се овоплотува, страда, воскреснува за спасение на светот и човекот. Токму затоа за свети Гаврил Светогорец е толку важен тој спој на времето и просторот. Тој секако има посебен однос кон светите места: не случајно заминува и се замонашува на Света Гора, а за Ерусалим пее во 33 песни[8]. Светото време на Јубилејот кој се наближува, поврзано со Ерусалим, за него е посебна можност и надеж за надминување на христијанските разединувања. Па так, тој вели: „Градот Господов ... би можел да застане на патот за повторно обединување на така болно и безнадежно расцепеното христијанство, кое би можело да го рехабилитира и поврати во неговото првобитно единство само специјална благодат од Бога ако слегне на земјата за претстојното јубилејно торжество. Пропуштањето на оваа божествена прилика би можело да има тежина на смртен грев на врвните отци на Христовата Црква, затоа што за обединување позрела ситуација нема да им се даде сѐ до прославата на третиот милениум[9]. Тука, секако, не станува збор за некаков обичен харизматичен екуменски занес, но за еден љубовен пристап кон секој човек, а посебно кон оние кои Христос го признаваат за свој Господ, како и за силата на Божјото делување сообразно на човековиот однос кон Бога и ближниот. Тој е свесен за огромните

---

[5] Гаврил Светогорец, *2000-годишнината на христијанството е на прагот*, 19.

[6] Гаврил Светогорец, *2000-годишнината на христијанството е на прагот*, 29.

[7] Гаврил Светогорец, *2000-годишнината на христијанството е на прагот*, 48.

[8] Гаврил Светогорец, *33 Песни за Ерусалим*, Скопје 1975.

[9] Сп. Гаврил Светогорец, *2000-годишнината на христијанството е на прагот*, 29.

разлики, но верува дека љубовта може и нив да ги надмине. Тој друг свет го прифаќа со љубов, иако не го разбира. Така вели: „Ако се направи паралела меѓу мистичниот и оптичкиот степен на велелепната православна литургија, едноставноста и сивилото на католичката миса и, на пример, адвентистичките молитвени собири, рамни на најобични цивилни состаноци, дали е можно и со микроскоп да се открие некакво меѓусебно крвно сродство, особено меѓу првите и последните?“[10]

Сепак, ова четиво запазено од светиот Гаврил Светогорец е воедно и потсетување дека одбележувањето на годишнина не е само обично бележење на времето, но е празник и време исполнето со делување од страна на човекот и благодат од страна на Бога. Празникот не е само празнување, но е време на светост и подвиг, на повикување и поучување во Христа, време на мисија и исполнување на евангелската порака. На тој начин треба да се набљудува и евангелската мисија, како љубовно обраќање кон секој човек, без исклучок.

[10] Гаврил Светогорец, *2000-годишнината на христијанството е на прагот*, 29.